РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-26
10.11.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До:

**Предмет: Одговор на Претставка**

Почитуван,

Во врска со Вашето обраќање до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги доставено на 06.11.2025 (наш УПП бр.03-26), Ве известуваме дека Агенцијата има надлежност за постапување врз субјектите утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми, односно врши надзор врз радијата и телевизиите; програмските пакети на операторите, печатените медиуми, даватели на аудиовизуелни медиумски услуги на барање (правни и физички лица) и платформите за споделување видеа.

Што се однесува до радиодифузерите, во конкретниот случај телевизиите, Агенцијата како регулаторно тело е надлежна за следење на почитување на двата споменати закони **при емитување на програмските содржини на радиодифузерите**, и како што Ви посочивме и во нашиот претходен одговор, немаме никаква надлежност за содржината на комункацијата на којашто вие се жалите.

Од овие причини, согласно Законот за постапување по претставки и предлози, Агенцијата, Вашата претставка од 15.10.2025, ја достави до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за нејзино натамошно разгледување.

Одговорот којшто претходно беше објавен на веб страницата на Агенцијата, по направената ревизија е повлечен, за да не дојде до погрешно толкување на институционалната улога на Агенцијата, бидејќи содржината на Вашата претставка е предмет на разгледување на друга институција. Имајќи го ова предвид, на веб страницата ќе бидат објавени Вашата претставка и известувањето до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**